СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Третото продолжение на Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јануари 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на РМ, сала 1, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по 51-та седница на Собранието на РМ.

Пратениците Трифун Костовски, Зоран Томиќ, Цветанка Иванова, Славица Станковска, Славица Грковска, Игор Ивановски, Благородна Мингова-Крепиева, Неждет Мустафа, Ванчо Ѓорѓиев, Стојан Андов, Љупчо Мешков, Теута Арифи, Јусуф Арифи, Ејуп Рустеми, Ружди Матоши, Љубе Бошковски, Љупчо Георгиевски, Михајло Георгиевски, Сашко Кедев, Илија Китаноски, Петар Наумовски, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пеов, Ганка Самоилоска - Цветановска, Никола Груевски, Марјан Ѓорчев и Лилјана Ивановска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по амандманите поднесени на текстот на Предлогот на законот за основање на Државен универзитет во Тетово.

Отворам претрес по амандманот за менвуање на член 1 поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Дика како предлагач имате 5 минути, бидејки претходниот амандман го искористивте.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам , г-дине претседателе, почитуван г-дин минситер,

Амандманот се однесува на измената на предложената структура на факултетите на Универзитетот кој што се предлага во законот. Значи се предлага 4 факултети 1 висока школа. Ние предлагаме првиот амандман да се замени со друг амандман од причина што легализацијата на Тетовскиот универзитет значи легализација на целата постоечка структура на факултетите и на студентите кои што се таму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да поминеме на гласање, молам службите да го констатираат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ги молам сите пратеници кои се надвор од салата да дојдат во салата.

Бидејќи многу пратеници имаат проблем со паркингот, давам пауза од 15 минути.

( Пауза од 10,25 часот).

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 11,05 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот за менување на член 1 поднесен од пратеникот Замир Дика го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеници.

8 гласале за, 2 воздржано и 49 против.

Молам, службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Констатирам дека во салата се присутни 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 1.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2 поднесен од пратениците Блаже Стојаноски, Коце Трајановски, Марија Којзеклиска , Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Чедомир Краљевски, Слободан

Чашуле, Сашко Кедев, Ѓорѓи Оровчанец, Михајло Георгиевски, Марјан Ѓорчев, Илија Китановски, Ѓорѓе Паљошковски, Ванчо Стаменков, Илија Србиновски, Ганка Самоиловска Цветаова и Аданан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖНИ:

Не се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска, 5 минути.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Образложението на амандман 2 кој го има предложено голем дел од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ претставува логична последица односно продолжение на образложението на амандман 1 и се однесува на целиот Предлог за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово.

Верувајте почитувани колеги пратеници, мене до ден денешен, после толку денови расправа за Тетовсиот универзитет никој не ме убеди, вклучувајки го и министерот Половани, ниту ни објасни, или пак не се потруди доволно да ја објасни потребата од создавање на нормативно-правни претпоставки за остварување, како што е наведено во Предлогот за донесување на закон на поголем пристап во високото образование на припадниците од сите заедници, а особено од албанската заедница.

Дали овде некој присутен може да објасни како е можно граѓанската иницијатива преку нејзино легализирање односно формирање на правно лице на крај да стане институција која ќе биде финансирана од Буџетот на РМ. Јас би сакала само накратко да потсетам на она што еден од  меродавните органи, тоа е Одборот за акредитација го даде и почитуваниот претседател на Одборот г-динот Тито Беличанец за основањето на овој универзитет, затоа што и амандманот 2 е составен дел на законот односно Предлогот на  законот за основање на  државен универзитет во Тетово.

Имено, г-динот Беличанец кога се донесуваа изменит еи дополнвуањата на Законот за високо образование според неговата тогашна оценка беше дека не е дискутабилно прашањето од кои книги и на кои студенти ќе им се предава на Тетовскиот универзитет, туку е дискутабилно, тоа илјада пати, можеби милијон пати

го повторивме е квалитетот на студирањето и можноста од овој таканаречен парауниверзитет да им парираат на студиските програми на двата постојни државни универзитети. Поради тоа според почитуваниот г-дин Беличанец дипломите од овој парауниверзитет не можат автоматски да се признаваат и не би можело експресно да се легитимира овој како државен универзитет освен ао не станува збор за политичка одлука.

Според тогашниот претседател и сегашен на Одборот за акредитација прашањето за високото образование на албанците би можело да се заокружи со проширување на Универзитетот Југоисточна Европа, но не и со задолжително отворање на нов државен универзитет кој би бил финансиран од страна на државата.

Според г-динот Беличанец со новиот државен универзитет дополнително би се оптоварил Буџетот на државата кој и така не е доволен за постојните два универзитети. Примери за ваквите барања од универзитетите на сите ни се познати меѓутоа повеќе од очигледно е дека паѓаат во вода сите објаснувања на Владата дадени во Предлогот, како што се развој на терцијалното образование во правец на подобрување на образовната структура на населението за подигање на научно-техничкото ниво и за обезбедување на севкупен развој на државата. И за обезбедување воопшто на квалитетно образование кога се на крај се сведува на едноставна политичка одлука. Значи, излегуваат условувањата на површина кои ги има направено ДУИ кон СДСМ како мнозинск апартија во коалицијата при преговорите во коалицирањето каде јасно се гледа дека од денешна перспектива легализацијата на таканаречената формална граѓанска иницијатива на таканречениот парауниверзитет, таканаречениот малоречански универзитет, ама кај нас изгледа станува пракса она што е така наречено да стане и речено на крај. Според тоа ДУИ со ваквиот предлог го услови СДСМ за влез во власта.

Она што досега го кажувам и апсолутно тврдо стојам зад ставот е фактот што не постои никаков уставен, рамковен, терцијално образовен основ ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завшете ја реченицата госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

За оснвоање на државен универзитет во Тетово претседателе и барам од колегите пратеници да го подржат овој амандман 2.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Јас би почнал од членот 2 со став 3 - седиштето на универзитетот е во Тетово. Што тоа поточно значи. Дали значи дека тоа ќе биде Мала Речица на имотот на браќата Деари, како што пишува во проектот?

Второ, дали тоа ќе биде Тетово "Табак", кој за потребите на Тетовскиот унвиерзитет што ќе го отвораме командант Баци и неговата граѓанска иницијатива го окупираат, па сега со право конкурира да биде барем почесен декан на овој државен универзитет?

Трето, дали тоа ќе биде Тетовската касарна? Тука е со нас денес и г-динот Али Ахмети кој ќе ни помогне сигурно, кое може да стане студентски дом , а воедно и оние други непризнаени 13 факултети да го продолжат работењето токму во овие простории во порелаксирана атмосфера, барем од градежен аспект, после повлекувањето на Армијата на РМ.

Четврто, Медицинска пластика, спорстка сала, ако сето ова претходно не стигне да се прошират овие објекти, слободно да можат да ја продолжат наставата.

Во член 2 став 2 стои дека универзитетот има сметка за редовно работење преку која располага со буџетските средства. Незнам зошто брзање, за Буџетот рековте дека има обезбедено 2 милиони евра што во однос на 60 милиони евра во Вандер Штуловиот универзитет кој досега се инвестирани е само една триесетина, а сигурно дека тоа изнесува 3, 33% од она што е инвестирано.

Во проектот што ни беше понуден можевме да видиме со што располага Тетовскиот универзитет од решо, табли , сунгери, кофи, така да бројката од 2 милиони евра многу скоро ќе треба десетократно да се зголеми, барем да се постигнат некои нормални услови за студирање.

Во изјавата од Одборот за акредитација многу убаво е напишано - Владата на РМ и Собраието за основање на новиот универзитет треба да обезбедат дополнителни средства со што нема да се предизвика натамошно намалување на средствата што се издвојуваат за постојните државни универзитети и натамошно намалување на учеството на средствата што се издвојуваат од бруто оптестениот производ за високо образование, но се укажува дека социјалната структура на студентите значително е влошена. Затоа е ограничен пристапот на младите кон

високото образование и затоа им се препорачува да се земат предвид средства за студентски стандард, значи нови средства, т.е. степендирање, кредитирање, сместување , исхрана, достапни учебни помагала и друго.

Исто така се укажува дека предложената листа н аопрема не е доволна заради што се смета дека треба да се издвојат повторно дополнителни средства за нејзина набавка. Притоа треба со договор со соодветните образовни установи да се овозможи користење на нивната опрема. Значи, овој државен универзитет е предвиден да влегува и во другите постоечки универзитети и да ја користи нивната опрема, како и да се извршат дополнителни вложувања со што ќе се обезбеди нејзино рационално користење и ќе се избегне паралелизмот и дуплирањето на опремата.

Ако сето ова е одобрување за отворање на нов државен универзитет јас длабоко ќе му се извинам на предлагачот и ќе кажам ништо не разбрав, но ако го читаме истото значи дека средства не се обезбедени. Дека ќе требаат многу повеќе од овие кажани тука 2 милиони евра и незнам што значи ставката кредит во член 2. Колку средствао од каде ќе се земат и за што побрзо, затоа што еден државен универзитет и постоечките универзитети кои што постојат во РМ, сето она што го добивме од  Сенатот, сето она што допира од универзитетот “Свети Кирил и Методиј” гледаме колку работи се запоставени, гледаме дека студентите студираат во едни ненормални услови и зато амислам дека требаше да се излезе со нешто што е многу поконкретно и попрецизно и подецидно, на макеоднската јавност д аим се објасни колку се пари треба овој универзитет да се отвори и со какви се средства тој што располага видовме во проектот на г-динот министер од 300 страници, во кој што рековме дека има решоа, табли и сунѓери, но не видовме што се треба таму да се набави за да можат кои факултети да се отворат и како тие ќе работат понатаму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Во прилог на образложение на амандмнаот јас сакам да ги прочитам заклучоците од Наставно-научниот совет на Природно математичкиот факултет кои што се донесени на седницата одржана на 25.12.2003 година, каде што по опстојна и содржајна дискусија беа разгледани состојбите во високото образование во делот кој што се однесува на Природноматематичките и информатичките науки, како и

иницијативата за формирање на втор природно математички фаултет на трет државен универзитет во Тетово и сите аспекти на иницијативата и можните последици од истата врз факултетот и целокупниот високо образовен процес во РМ кој гласи:

Прво , сите граѓани на Република Макеоднија вклучително и граѓаните со албанско етничко потекло имаат право и потреба да се образуваат на сите нивоа на образование.

Природно математичкиот факултет во Скопје ги подржува сите иницијативи кои што водат кон вистинско подигање на образовното и целокупното цивилизациско ниво на сите граѓани во РМ , вклучително и албанци свесни дека тоа е во функција на згрижување и подобар живот. Албанците и досега се школувале на Природноматематичкиот факултет и на постојните универзитети со олеснети услови за упис - квота за малцинства, во еден период со 10%, а потоа и со 20%, а последниве години и на сопствениот јазик на Штуловиот универзитет.

Дека Природно математичкиот факултет бил достапен за најголемиот дел од кандидатите кои покажуваат интерес да студираат се гледа од фактот дека од учебната 1985-86 година на него се запишуваат повеќе од 90% од кандидатите кои се пријавуваат на конкурсите и ги положиле приемните испити на соодветните студии.

Во однос на достапноста на студентите од другите етнички заедници доволно зборува фактот Што во периодот од 1985-86 година до 2003-2004 година на Природно математичкиот факултет вкупно се запишале 10.208 студенти од кои покрајмакедонци 1546 биле албанци, 175 турци, 46 роми и 1214 други националности. Ова е некаде околу 30% од севкупните запишани студенти во овој период кој припаѓале на етничките заедници во РМ.

Второ, треба да се истакне и фактот дека голем број од досега дипломираните кадри од областите на Природно математичките струки во РМ се невработени или работат на работни места кои не се соодветни на добиените стручни квалитети. Природно математичкиот факултет вонеколку наврати има носеноодлуки со кои се барало од релевантните институции решавање на овие проблеми.

Трето, како една од најстарите и најеминентни високо образовни институции во РМ должност на Природно математичкиот факултет е да инсистира на стандарди и квалитет што една новоформиран аинституција треба да ги спроведува и запазува. Интересот е потполно професионален.

Се нема никаква намера да се вклучува Природно математичкиот факултет во дневно политичките дебати, а уште помалку во различно позициски, опозициски коалициони расправии, но како дел од академската заедница чувствува должност да го даде придонесот кон демократскиот развој на земјата, а во таа смисла јасно да го искаже ставот вов рска со важното прашање за формирање на нов државен унвиерзитет, а во негови рамки нов природно математички факултет.

Формирањето на нов универзитет може да биде чин на политичка воља, но никако чин само на политичка одлука. Прашањето за нов универзитет пред се и над се е стручно прашање. Оттука само академската заедница може да даде компетентномислење за него. Во вистинско и демократско општество кон кое сит ение се стремиме стручните прашања не се предмет на политичка одлука. Сметаме дека е далеку зад нас општеството во кое се беше предмет на политички декрет. Денес ниту една политичка гарнитура нема право самоволно да донесува политички одлуки за формирање или затворање академски институции, а притоа да не го чуе гласот и стручното мислење на академската заедница. Нашето повеќе децениско искуство укажува дека и единечните некомпетентни одлуки во рамките на една високо образовна институција има далеку сежни негативни последици по развојот на институцијата. Отука формирањето на нов универзитет само со политичка одлука без притоа да се води доволно сметка за компетентноста и стручноста на тој чин ќе има несогледливи негативни последици по целокупниот развој на општеството и сите граѓани на РМ.

Четврто во последниве десетина години Владата на РМ постојано го намалува ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Привршувајте г-дине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Делот со кој ја покрива активноста и работењето на Природно математичкиот факултет...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Блгодарам г-дине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Реченицата ако може да ја завршам.

Затоа прашање е како е можно да се отвора нов државен факултет односно универзитет ако постојат тешкотии во редовно финансирање на двата постојани и неговите најбитни сегменти во работењето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, најпрвин сакам на јавноста да и објаснам зошто ги предлагаме овие амандмани четири што ги поднесовме по овој Предлог закон, а тоа е од причина затоа што без разлика колку и какви аргументи понудивме овој закон да не се донесе, сепак во тоа не се успеа да ги убедиме, би рекол, македонскиот дел од владината коалиција и еве сега на овој начин се обидуваме со амандмани, кои што значат бришење на секој член. Значи амандманите не значат на секој начин и подобрување на текстот на законот, туку овие амандмани значат и бришење на секој член од овој Предлог закон и на таков начин ако можеме да успееме овој закон да не се донесе. Меѓутоа, очигледно дека овој закон ќе биде донесен и има две би рекол нелогички причини, вчера кажав јас, а тоа е од една страна албанскиот дел од оваа коалиција мисли дека со ова ќе се реши минатото, а тоа е легализација на малоречанскиот универзитет, меѓутоа, јас би ги прашал и тој дел од коалицијата, албанскиот дел. Ако мислите дека е така, а зошто не го поддрживте амандманот од Замир Дика.

Од друга страна македонскиот дел мисли дека на некој начин ќе се реши иднината, па затоа предлага нов универзитет, меѓутоа, доследно министерот во едно од своите ретки излагања кажа дека со тоа се решава, односно тоа значи легализација на малоречанскиот универзитет. Не ни се даде дали е ова нов универзитет, очигледно само насловот е нов, инаку легализацијата ќе си опстои и сега конкретно во членот 2 што бараме да се избрише, се кажува дека универзитетот има својство на правно лице, универзитетот има две сметки, тоа е сигурно според законот и став 3 дека седиштето на универзитетот ќе биде во Тетово.

Ве прашав и вчера, меѓутоа не одговоривте еве и денеска и пратеникот Спиро Мавровски ве прашува каде ќе биде седиштето на тој универзитет. Не можеме ние да гласаме, ние нема да гласаме никако, меѓутоа, треба јавноста да знае каде ќе биде седиштето на овој универзитет што се носи. Тоа не го кажавте, кажавте дека е тоа како граѓанска иницијатива, што апсолутно нема никаква основа дека е тој

граѓанска иницијатива, но најдовте некој модалитет како да го наречете овој див универзитет, па сега додека не се донесе овој закон го нарекувате граѓанска иницијатива, што апсолутно, нема никаква основа за граѓанска иницијатива. Знаеме што се граѓански иницијативи. Не може на граѓанска иницијатива да се вее албанско знаме и сега ве прашувам дали утре, денеска ќе го донесете овој закон очигледно, штом сте собрани сите пратеници тој ќе се донесе, меѓутоа, дали утре сепак, на таа т.н. граѓанска иницијатива, дали ќе има повторно албанско знаме, а ќе биде државен универзитет.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Како еден од предлагачите на овој амандман, јас би сакал да дадам свое мислење во врска со овој амандман. Имено, сметам дека овој амандман прво, ставени се “баби и жаби”, во смисла на тоа што и седиштето на универзитетот е ставен во овој член и ставена е жиро сметката преку која се работи во овој универзитет. Најмалку што требало да се направи би требало да бидат раздвоени. Значи една од причините поради кој предлагаме да се брише овој член со амандманот 2. Инаку суштински проблем е тоа што сметаме дека со ставот 3 седиштетот на универзитетот е во Тетово, практично ништо не е кажано. Сето ова е многу голема територија и практично сметаме дека со ова се прави една голема манипулација. Значи треба конкретно да се каже каде е седиштето на овој универзитет. Господинот Спиро Мавровски кажа неколку локации можни што ќе се вртат и во јавноста по весниците, во медиумите, “Тетово Табак”, спортски сали, касарна или не знам што, меѓутоа, сакам да дополнам уште нешто од тие можни локации на кој ќе биде седиштето на универзитетот во Тетово, а имено ќе се послужам со мислењето на Одборот за акредитација, во точка 5.3. од ова мислење се вели дека за изведување на наставата на одделни студиски програми на соодветно академско ниво потребно е вклучување на некои од постојните универзитети, односно факултети во нивниот состав како Педагошкиот факултет, Металуршкиот, Градежниот, Земјоделскиот и не знам кој.

Сметам дека можеби тука ќе се направи еден вентил или можеби да го прашаме министерот бидејќи неколку пати ние дебатираме неколку дена дали

можеби, нема да биде адресата на Природно математичкиот факултет во Скопје бидејќи и тука се вели дека таму можат да се вршат одредени предавања, во лабораториите и слично. Значи луѓето не случајно од Природно математичкиот факултет ги кажаа овие заклучоци. Тие се плашат, тие стравуваат, бидејќи законот не е дециден, не е комплетен и затоа многу во јавноста луѓето се вознемирени. Конкретно се зборува за Природно математичкиот факултет како и Земјоделско-шумарскиот факултет кои што се наоѓаат во Гази Баба, дека можно е еден од овие факултети да бидат легализирани за универзитетот во Тетово. Ако е тоа така, во тој случај Владата треба отворено да каже, а не вака сето тоа го става под “тепих”, а вели ние работите ги вадиме испод “тепихот” на површината, со цел да се решат. Значи, не треба да се манипулира со јавноста и треба во законот да се ставаат вакви декларативни работи. Треба адресата конкретно да биде наведена каде ќе биде.

Исто така, што сакам да обрнам внимание е и тоа дека во овој амандман во кој што го бришеме членот 2 од Предлогот на Законот, што се однесува на сметките, јас би проговорил тука дека исто така и средствата не се предвидени онака како што би требало и доликува при основањето на еден универзитет. Сето тоа е кажано во некои образложенија. Се провејува некоја бројка од милион евра, некаде од два милиони евра. Дали се тоа доволно средства за основање на еден универзитет. Значи таа бројка на тој начин го прави овој проект, овој закон политички. Значи воопшто нема основа да рече дека ова е еден сериозен проект за кој што навистина една основна држава сака да основа универзитет. Само да напоменам дека во Штуловиот универзитет има вложено повеќе од 50 милиони евра и сеуште таму треба да се доинвестира, се со цел да бидат условите и стандардот и квалитетот на образованието да биде на ниво на двата универзитета во Република Македонија, бидејќи имаме традиција повеќе од 50 години во универзитетско работење, а воедно, тие факултети и овој ново формиран универзитет да добие своја верификација во западните земји. Вака, на овој начин ако вака се продолжи, сметам дека ќе се девалвираат сите дипломи на сите кои што ги добија досега и на тие што понатаму ќе студираат. Значи комплетно Македонија во областа на високото образование, на универзитетското образование практично ќе биде една од црните дупки во Европа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеника, за амамдманот гласале 13, нема воздржани и 62 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3 поднесен од пратениците Блаже Стојаноски, Коце Трајановски, Марија Којзеклиска, Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Чедомир Краљевски, Слободан Чашуле, Сашко Кедев, Ѓорѓи Оровчанец, Михајло Георгиевски, Марјан Ѓорчев, Илија Китановски, Ѓорѓе Паљошковски, Ванчо Стаменков, Илија Србиновски, Ганка Самоиловска Цветанова и Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓа Бонева ги имате вашите 5 минути.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам претседателе,

Членот 3 кој што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ предлага да биде избришан со овој амандман на кој што се приклучив, зборува за подготивките за процесот со работа на универзитетот во Тетово. Дали може да продолжам претседателе?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, дозволете госпоѓа Бонева да се изјасни.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Значи ако има колегите нешто да кажат, нека повелат на говорница господине претседателе. Значи овој амандман 3 зборува дека ние сите потпишани на овој амандман бараме да се укине овој амандман, токму поради тоа што нема никаква потреба да се прават подготовки за почеток со работа на овој универзитет, а тоа е тетовскиот параунивезитет. Овдека се зборува дека тој ќе започне со работа

веднаш по завршување на процедурата која што ќе ја води една матична комисија формирана од Владата на предлог на министерот. Зошто јас лично сум против ваквото формирање на парауниверзитетот како државен универзитет со овој Предлог закон за основање на државен универзитет во Тетово, заради тоа што овој закон не произлегува од потребите на пазарот, како што кажавме, не работи на интеграции на етничките заедници во Република Македонија, не се почитуваат потребните стандарди, па токму заради тоа и оваа матична комисија нема што да работи, а сметаме дека со законот за високо образование се основа Ван Дер Штуловиот универзитет каде што учат млади не само од албанската заедница, туку и од сите други заедници, па и македонската заедница во Македонија, каде што се работи со високи стандарди и не само тоа. Проблемот на високото образование на албанците се апсолвира после многуте сугестии од страна на Меѓународната заедница, кои што беа внесени во Законот за високото образование и кои што како држава во Законот за високо образование отидовме и многу понапред, отколку што беше сугерирано од страна на Меѓународната заедница, па Педагошкиот факултет во тој однос се подигна на рамниште дури на мини универзитет и сметам дека токму поради тоа нема никаква потреба од подготовки за почеток со работа на новиот, така да кажам, државен универзитет, односно легализираниот тетовски универзитет. Понатаму со членот 198 од Законот за високо образование што беше донесен 2000 година се реши и проблемот со легализација на дипломите на студентите кои што студираа на овој парауниверзитет и овде се отиде многу понапред од сугестиите на Меѓународната заедница, кога тие вршеа мориторинг над она што требаше да се внесе во Законот за високо образование. Нивните сугестии тогаш и нивните препораки до властите во Скопје, како што тие зборуваа се следните. Тие би можеле да размислуваат за начините за признавање на лимитиран број на образовни сертификати кои беа издадени во минатото од постоечкиот факултет во Тетово. Владата, а подоцна и Парламентот не ја прифати само оваа препорака од Европската унија да се признае лимитиран број на издадени дипломи од овој парауниверзитет, од причина што ова правно не би можело да се брани, бидејќи не можат да се признаат само одреден број на дипломи, а пак другите да не бидат признаени и наместо тоа Владата и Парламентот одлучија дека во преодните одредби на законот за високо образование, да биде дадена можност не само на дипломираните, туку и на сите други кои што следеле настава на т.н. слободна граѓанска иницијатива во Тетово да можат на начин предвиден во законот да извршат проверка на своите знаења во постојните високо образовни институции и

врз таа основа да стекнат статус дипломиран студент кој е запишан во погорна година од студиите. Значи ова се реши со членот 198 до 31.12.2001 година важеше оваа одредба со измените и дополнувањата, иако беше прекината се направи континуитет до 2005 година да важи. Значи се опфатени овие студенти кои што учеа на овој универзитет. Токму заради тоа нема потреба од носење на ваков Предлог закон од овој член за правење на подготовки за почеток со работа на универзитетот во Тетово.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитувани колеги пратеници,

Формалните аспекти кои се уредени со овој член на законот, неможат да имаат суштинска важност за решавањето на ова прашање. Многу поголема важност треба да има создавањето на содржина која што ќе произлегува од современите сознанија од сите општествени и научни области. Материја која ќе треба да ја совлада секој студент независно од неговата етничка припадност. Наместо Министерството и Владлата да ги насочат своите сили и капацитети кон создавање на квалитетни услови, создавање на квалитетни учебници и наставни помагала, кон компјутеризација на студентските високообразовни институции, кон создавање на просторни услови за изведување на настава, кон реконструкција на руинираните згради на факултетите, Владата за најголем приоритет го поставува прашањето, како да им овозможи на албанските студенти нов универзитет, покрај веќе постојан универзитет кој има квалитетни наставни кадри, кој има квалитетни просторни услови, кој има простор за негово доградување со нови факултети и нови содржини. Затоа со утврдување на погрешни приоритети се создаваат низа етнички тензии и се поттикнува делба на студентите врз национална основа.

За да се отстранат овие антагонизми и овие конфликтни состојби неопходно е премиерот Бранко Црвенковски да го повлече во целост овој закон. Единствено на тој начин ќе придонесе за намалување на одговорноста на Владата за драстично намалување на студентскиот стандард за прекинување на студиите на талентираните студенти, за сите проблеми кои произлегуваат од негрижата за квалитетно образование.

Тоа е единствената алтернатива за надминување на сегашните состојби во образованието. Тоа е единствениот начин за надминување на неповолните индикатори за нивото на образование во Република Македонија кој што беа потврдени од страна на Советот на Европа. Тоа сигурно ќе придонесе за подобрување на претпоставките за развој на државата, а особено за анулирање на меѓуетничките тензии и недоразбирања. Образовните проблеми не можат да се решаваат со остварување на политички потреби. Се предвидуваат околу два милиони евра за основање на нов универзитет. За Штуловиот универзитет досега се финансирани над 60 милиони евра. Нема никаква смисла на овој начин да се обидувате да го покачите рејтингот на ДУИ на политички манипулации затоа што ниту се обезбедени финансиски средства, ниту пак без постоење на минимални стандарди за студирање може да се реши ова прашање. Напротив, се девалвираат реалните потреби за високо образование на албанците, се политизира дополнително ова прашање и единствено се предизвикува штета на стандардот во веќе постојните универзитети. Нема проект, нема обезбедени средства, нема утврдени образовни стандарди. Ова не е начин на кој може да се основа универзитет. Ова е единствено начин за задоволување на нечии политички потреби. На овој начин не се истакнува важноста што ќе научат идните албански студенти. Не е истакната важноста какви кадри ќе излегуваат од овие факултети. Важно е само студирањето да биде на албански јазик, што апсолутно, не претставува, односно нема врска со правото на образование на албанците, туку претставува само средство за реализација на ова право. Се ова за што зборувам го имаме на универзитетот на Југоисточна Европа и за среќа или несреќа на предлагачите на овој предлог, овој универзитет располага и со просторни капацитети кои се распоредени на 19 ха земјиште. Тој располага со кадровски потенцијал и квалитетни студии. Во него учат над 3 илјади студенти на албански, англиски и македонски јазик. Штуловиот универзитет е проект за целосно решавање на прашањето на високото образование на албанците, а не само на јазикот на кој се студира. И најпосле, тој е целосно поддржан од страна на Меѓународната заедница. Со овој закон вие не го затворате проблемот на високото образование на албанците, напротив, на овој начин се отвораат нови проблеми. Впрочем, прашањето на високото образование на албанците не може да биде решено без согласност на сите албански политички субјекти. Во случајов единствено што се прави е задоволување на политичките потреби на еден албански субјект кој моментално е на власт. Негов интерес е на овој универзитет да се вработат нови професори, чувари, чистачи, административци итн.

Ве уверувам дека на овој начин само се отвораат можности за создавање нови проблеми понатаму, меѓутоа, не се решава правото на високото образование на албанците. Доколку сакате да го решите целосно, тогаш партијата ДУИ, која е претставник на албанскиот електорат...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршете ја реченицата господине Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

... ќе ја прифатеше иницијативата на ДПА и заедно ќе се дефинираше на кој начин ќе се реши правото на високото образование на албанците, а тоа да не предизвика дополнителни меѓунационални тензии во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Мислам дека многу малку проговоривме за процедурата, а токму тоа го кажува членот 3 - “подготовка за почеток на работа на универзитетот”.

Ќе почнам со правната основа за основање и организирање на универзитетот, правниот статус на универзитетот треба да се регулира со Предлогот за донесување на закон за основање на универзитет во Тетово како државна високообразовна установа, согласно Законот за високо образование. Во почетокот ни беше објаснувано дека тоа од Охридскиот рамковен договор, но после тоа видовме дека тоа не било така, туку е Законот за високо образование.

Што се зборува во Законот за високо образование?

Според членот 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование, објавен во Службен весник на Република Македонија број 49 од 2003 година, универзитет може да се основа ако согласно условите утврдени со членот 35 од овој закон во својот состав има пет акредитирани факултети и високи стручни школи, од кои најмалку три се факултети. Со Предлог-законот ова се исполнува и определени се четири факултети и тоа Природно-математички,

Факултет за хуманистички науки, Економски факултет, Правен факултет и Центар за политехнички науки како висока стручна школа.

Во рамките на актот за основање кој го усвојува Парламентот, Владата на Република Македонија треба да донесе проект за основање на универзитетот. Значи, тоа беше оној проект од 300 страници што господинот министер ни го достави, во кој немаше ништо. Овој проект треба да биде акредитиран пред Одборот за акредитација. Проектот треба да содржи простории, нормативни стандарди, кадри и тн. во форма на проект што треба да се достави до Одборот за акредитација. Процедурата трае минимум три месеци, додека Одборот за акредитација ја акредитира оваа високообразовна институција. Откако Одборот за акредитација ќе ја акредитира, тогаш оваа институција ќе дојде до Министерството за образование и наука и министерот за образование и наука преку своите инспектори излегува на терен и гледа дали се исполнети фактичките услови кои ги предвидува проектот и инспекторите даваат извештај до министерот за образование за исполнување или неисполнување на условите доставени во проектот. Доколку министерот процени дека се исполнети условите, тогаш се дава дозвола за отпочнување со работа на високообразовната институција. Тоа мислам дека од министерот го немаме, сеуште не знаеме како што рековме каде е седиштето на универзитетот, значи такви инспектори ниту излегле ниту ќе можат да излезат на терен, затоа што не се знае ни каде ќе биде местото на универзитетот. Откако ќе биде дадена оваа дозвола, тогаш министерот има право да го регистрира универзитетот во регистарот за високо образование и во регистарот за високообразовните институции. Ова се е направен за универзитетот на Југоисточна Европа и тој е регистриран. После тоа, во регистарот овој правен субјект оди пред судот за да се регистрира. Во моментот кога овој универзитет ќе се запише во судскиот регистер, од тој ден овој универзитет има право да отвори конкурс за легално запишување на студенти.

Ние тука во членот 3 читаме дека универзитетот ќе почне со работа веднаш по завршувањето на процедурата водена од страна на матичната комисија, што мислам дека воопшто не е ниту уставно, ниту законски и ова едноставно како факт ќе падне.

Не знаеме Владата на Република Македонија каква одлука ќе донесе, колку студенти ќе студираат тука. За тоа неколку пати прашавме и повторно не знаеме, а тоа не го видовме ниту во документот што го приложи министерот.

Исто така, доколку сакаме да го зголемиме бројот на студентите, треба да се бара дозвола од Владата на Република Македонија. Ова претставува, почитувани

колеги, процедура за регистрација на еден универзитет. Вака предложен со овој закон за високо образование, друга постапка нема, една е постапката. Но во членот 3 што го предлага господинот министер и што доаѓа од Владата ние слушаме дека сето ова ќе го реши некоја матична комисија, која ќе ја формира министерот, ќе даде предлог до Владата, тие ќе го одобрат, ние ако треба, а сигурно дека за вас треба како Собрание ќе кренете два прста или ќе го притиснете зеленото копче, ќе го одобрите и се е завршено. Работата си оди понатаму, така што тука немаме никакви проблеми, барем според вас. Но ова што тука го имате во членот 3 од почеток до крај и комплетниот закон како што е предложен со овие пет члена е нешто страшно за да може да се отвори еден државен универзитет. Јас ве повикувам, многу од вас има професори...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Привршувајте господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам, само уште една реченица. Многу од вас многу поубаво и од мене знаат како се формираат тие универзитети. Затоа, уште еднаш апелирам со ова да го прифатите овој амандман и да не влегувате, барем за отворањето на овој универзитет, во уште поголема заблуда.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Балковски, пет минути.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Со овој амандман предлагаме да се укине членот 3 од Предлогот на законот за основање на државен универзитет во Тетово, а членот 3 гласи: "Подготовките за почеток со работа на универзитетот ќе ги врши матичната комисија". Воопшто не ни беше објаснето што ќе има за задача оваа матична комисија, освен само оваа реченица дека подготовките за работа ќе ги врши. Дали оваа матична комисија што ќе биде формирана од Владата на предлог на министерот надлежен за работите на високото образование ќе ги има заклучоците на Ректорската управа и заклучоците на Одборот за акредитација, односно дали ќе се води грижа, како што кажува и заклучокот од Ректорската управа од 23 декември, цитирам "при отворање на нов државен универзитет мора да се води грижа да бидат исполнети одредбите од

Правилникот за нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност и на Упатството за обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар кои се вработени, со цел универзитетите во Република Македонија да се хармонизираат со семејството на европските универзитети, за да им се обезбеди на студентите препознавање и признавање на дипломите од државнит еуниверзитети на пазарот на работнат асила во Европа и светот, а не истите да се девлавираат со отворање на државен универзитет без препознатливо академско јадро, академска култура и академска атмосфера”. Ова е од заклучокот на Ректорската управа и за овој заклучок треба да води грижа и матичната комисија при подготовките за почеток на овој универзитет, како и заклучокот од Одборот за акредитација каде што се кажува дека согласно член 26 став 2 од Законот за високо образование Одборот за акредитација во натамошната постапка ќе пристапи кон акредитација на студиските програми и исто така ќе се изјасни, значи овој Одбор за акредитација, и за соодветноста на кадрите потребни за изведување настава по одделните факултети и студиските програми. Вака треба да биде. Меѓутоа, во членот 3 став 3, се кажува дека универзитетот ќе почне со работа веднаш по завршување на процедурата водена од страна на матичната комисија. Малоречанскиот универзитет сеуште див, нелегализиран, што денес ќе се легализира веќе е почнат со работа, така што сите овие работи што ни се кажуваат овде правно, мислам дека во денешно време не се содржани во овој член 3 и затоа предлагаме овој член 3 да се избрише како што предлагавме и за членот 1 и членот 2, меѓутоа, не се усвоија и да видиме сега дали ќе се усвои овој член.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Коце Трајановски, пет минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас уште еднаш се јавувам, со оглед на тоа што сум еден од предлагачите на овој амандман. Со овој амандман практично се брише члденот 3 од Предлогот на законот и практично членот 3 од Предлогот на законот говори за надлежностите на матичната комисија. Ќе го прочитам бидејќи е краток. Се вели: “Подготовките за почеток со работа на универзитетот ќе ги врши матична комисија. Членовите на матичната комисија ги именува Владата на Република Македонија на предлог на

министерот надлежен за работата на високото образование. Универзитетот ќе почне со работа веднаш по завршување на процедурата од страна на матичната комисија”.

Сметам дека овој член е непотребен и ќе се обидам да образложам зошто. Имено, сето ова што е кажано во членот 3 од Предлогот на законот, практично е кажано во Законот за високото образование, односно во членот 3 од Законот за високото образование се вели:

“По донесувањето на законот за основање на државна високообразовна установа подносителот на предлогот за донесување на законот прибавува мислење од Одборот за акредитација за проектот за основање државна високообразовна установа”.

Мислењето го видовме, видовме дека тоа е негативно мислење и во мислењето и понатаму претседателот на Одборот за акредитација се оглси во дневниот печат. Тоа е во ставот 1 на членот 43 од Законот за високото образование, а во ставот 2 на истиот член се вели:

“По донесување на законот за основање на државна високообразовна установа, Владата на Република Македонија на предлог на министерот надлежен за работите на високото образование именува матична комисија”.

Значи, она што е кажано со Законот немало потреба да се каже и во Предлогот на овој закон за основање државен универзитет во Тетово. На некој начин тоа е дуплирање, но дали е од големо брзање, дали сте сигурни дека сето ова ќе се усвои па нема потреба многу да се обрнува внимание на квалитетот на законот што се предлага, незнам, меѓутоа, во секој случај нашиот предлог е овој член 3 да се брише бидејќи сето тоа веќе е регулирано во Законот за високото образование. И понатаму се одредуваат дури и надлежностите на матичната комисија, која ќе треба да ги почне подготовките. Имено, во членот 45 од Законот за високото образование се вели:

“По добиеното решение за акредитација, матичната комисија ги врши подготовките за работа, подготвителните работи со кои се создаваат услови за вршење на високообразовната дејност и за почеток со рабора на акредитираната високообразовна установа и во тие рамки врши избор на наставници и соработници за сите наставни предмети, предвидени во наставниот план, најмалку за првите две години на студии”.

Го видовме проектот кој практично претставува почеток на постапката за основање високообразовна установа, иако тој проект кажавме дека не беше

доставен на пратениците во Собранието на Република Македонија, туку напротив во некои канали не службено, не преку архива беше даден во некои од пратеничките групи и во него имавме можност да видиме - ние имавме среќа да дојдеме до него иако многу доцна, мислам дека беше и на самата седница - и таму ако се погледа во проектот, ние го кажавме тоа и во изминативе денови кога дебатиравме во врска со овој закон, сите оние кои се пријавени како можни предавачи или професори на овој универзитет, имаме големо сомневање во смисла на тоа кои податоци се за нив дадени во тој проект, начинот на кој тие се запишани, со недоволен број податоци, адреси, некаде нема ни дипломи туку само име и презиме. Сето тоа кажавме и тогаш дека го доведува во сомневање нашето право да гласаме или да не гласаме за овој закон, а како оваа матична комисија ќе го земе предвид тој проект ние само сакаме да укажеме дека треба крајно сериозно да пристапи и да види дали навистина се исполнети условите за да може да работи овој универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, 13 за, воздржани нема и 52 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Дика?

ЗАМИР ДИКА:

Го повлекувам амандманот, господине претседател.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 4, поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Коце Трајановски, Марија Којзеклиска, Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Чедомир Краљевски, Слободан Чашуле, Сашко Кедев, Ѓорѓи Оровчанец, Михајло Георгиевски, Марјан Ѓорчев, Илија Китановски, Ѓорѓи Паљошковски, Ванчо Стаменковски, Илија Србиновски, Ганка Самоиловска-Цветанова и Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Повелете господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Членот 4 на овој закон се однесува на средствата за финансирање на дејноста на универзитетот и во него стои дека тие ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од други извори кои треба да бидат определени со закон. Значи не само од Буџетот, туку и од други извори на средства. Ние знаеме во каква економска состојба се наоѓа Република Македонија, знаеме на каков начин се полни Буџетот на Република Македонија, колку е наплатата на даноците, особено во одделни региони и на тој начин сметам дека треба да се имаат предвид можностите на Буџетот за финансирање на еден ваков универзитет. Имено, сите ние сме сведоци тука дека Владата преку парламентарното мнозинство на СДСМ и ДУИ, во минатата година, го покачи данокот на додадена вредност и сите оние производи кои беа со повластена даночна стапка од 5% беа покачени на 18%. Се работеше за лековите, транспортот, превозот и тн.

Меѓутоа, и покрај тоа, свесни сме дека полнењето на Буџетот не оди како што треба. Еве, слушаме некои нови афери со зејтин за полнење возила, но независно од тоа сакам да укажам на една друга работа. Имено, економската ситуација во која се наоѓа Македонија не овозможува обезбедување дополнителни средства за нови

универзитети во овој момент, затоа што ако Владата минатата година ја покачи цената на електричната енергија, ако сметките кои ги примија граѓаните на Република Македонија после новогодишните празници беа со астрономски бројки, ако нема пари за никакви субвенции во земјоделието, ако спортот не е поддржан со никакви средства за негов развој и опстојување, ако не е исплатен популарниот К-15 во администрацијата, за кој слушнавме дека се најавува штрајк во областа на образованието на 26 о.м., ако нема лекови во аптеките кои се од позитивната листа, тогаш која е логиката вие да определувате, да давате предлог како Влада во овој закон да се определуваат средства од Буџетот кои ќе бидат наменети а цели кои ги имаме веќе реализирано преку другите универзитети. За да го илустрирам ова, сакам да го кажам следното.

Во 1999 година Природно-математичкиот факултет по сите основи од Буџетот на државата добил 136 милиони денари за целокупната дејност. Во 2003 година добил 116 милиони денари, што значи 20 милиони помалку. Од тука, сите проблеми кои постојат околу обезбедувањето средства за подмирување на трошоците за електрична енергија, која од друга страна се покачува од страна на Владата, за телефони, за интернет, за вода, комуналии и тн., сите тие иако се сведени на минимум како трошоци, средствата за материјални трошоци се недоволни за да можде да се измират овие давачки. Ова особено негативно се однесува и врз практичната настава на студентите на факултетите кои се во рамките на Природно-математичкиот факултет. Наставата на нематичните факултети воопшто не се финансира од државата.

Исто така, треба да се додаде и фактот дека во постојан пад е делот наменет за наука што се манифестира преку намалениот износ на средства за усвоените научно-истражувачки проекти, нема континуирано исплаќање на веќе одобрените средства, а во последнава година немаше нов конкурс за истата намена поради недостаток на средства. Претплатата на научни часописи веќе со децении, односно уште од 1982 година воопшто не се финансира од државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, тишина, да не бидеме сите исти.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Зошто претседателе, не сме сите исти тука?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сите исти сме, затоа велам продолжете во тишина.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам.

Значи неопходно е да се преземе финансиска поддршка и активности за подобрување на студентскиот стандард и на стандардот за функционирање на постојните факултети и универзитети. Ако ова не може државата да го обезбеди, ако за ова нема средства во Буџетот, ако постојано добиваме одговори од одделни министри во Владата дека нема пари за исплата на тутунот, за изградба на одредени објекти како што се патишта што се неопходни во овој момент во Република Македонија, јас не гледам никаква причина да се определуваат дополнителни средства од Буџетот кои ќе значат финансирање на нешто што веќе постои и кое веќе функционира, а за решавањето на ова прашање треба да се изнајде друг начин, односно да се поставаат работите во контекст на целосно решавање на проблемот на високото образование на албанците кое нема да тангира други проблеми.

Од овие причини, сметам дека членот 4 треба да биде повлечен и финансирањето на овој универзитет да биде регулирано согласно со закон, а не како што е наведено од Буџетот на Република Македонија.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Ќе го искажам мојот став зошто предлагам и јас да се брише членот 4 од овој закон кој што зборува за средствата за финансирање на дејноста на досегашниот парауниверзитет, дека ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од други извори определени со закон. Сум против овој член бидејќи сметам дека нема логика сите граѓани во државата да плаќаат да се финансира еднојазичен универзитет на кој што не можат да имаат пристап студентите македонци и студентите од другите етнички заедници во Република Македонија . Сметам дека ваквиот еднојазичерн универзитет како што кажавме ги гетоизира албанските млади, не оди во прилог на толку потребната интеграција во Република Македонија и работи најпосле и против процесите на Република Македонија за евроинтегрирање. Понатаму, повторно ќе потсетам на Законот за високо образование со кој што правно е решено финансирањето на високото образование на албанците, бидејќи во главата за развој, финансирање и имот на високо образовните установи јасно стои

дека во програмата за високообразовна дејност покрај другото се утврдуваат и средства за поддржување на дејноста на приватните високообразовни установи. Тоа е регулирано со членот 81 и 82 и понатаму вели дека се планира и се обезбедуваат средства и за учество во финансирањето на приватните високообразовни установи. Значи, се планира финансирање и на Универзитетот на Југоисточна Европа. И оттука сметам дека воопшто немало потреба правно да биде уредувано нешто што веќе е предвидено во Законот, значи повторно правно да се преуредува. Исто така, сметам дека многу ќе биде поцелисходно доколку парите кои што ги предвидува Владата од Буџетот на Република Македонија да бидат искористени за легализирањето на овој парауниверзитет и за негово функционирање да бидат вложени во универзитетот на Југоисточна Европа, за отворање на нови факултети за кои што има потреба на пазарот на трудот и од него бенефициите ќе ги имаат не само албанските млади, туку и младите од другите етнички заедници.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Причината заради која сум потпишана на овој амандман ИВ, за да се брише членот 4 е следнава. Ред е претставниците на позицијата кои се присутни овде во парламентот да им објаснат на граѓаните кои ги избраа да бидат овде и чии интереси тие треба да ги штитат и да ги бранат интересите на граѓаните кои ги избраа претставниците на позицијата, да кажат каде и како ќе бидат потрошени овие финансиски средства од Буџетот на Република Македонија со усвојувањето на предлогот за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово. Јас само ќе ги потсетам колегите пратеници и граѓаните од каде досега беа собирани финансиски средства за да биде наполнет буџетот. Генерално е штедење на Владата, мислам тоа една година го слушавме како Владата штеди, штеди, штеди. Е сега, штедела на поскапените цени за сместување и исхрана на студентите по студентските домови за 100% како резултат на штедењето на политиката на Владата, се разбира и со тоа министерот го наполни буџетот директно со земање на пари од буџетот на студентите. Понатаму, оддолговлекувањето со носењето на законот за ученичкиот стандард дополнително го оптоварува и оди кон уништување на ученичкиот стандард. Значи, тој катастрофално паѓа, се намалува економската моќ на студентите. Понатаму, имаме намаллување на стипендиите и кредитите за млади и талентирани ученици и студенти. Повторно истата причина, значи, штедење на Владата, министерот и Владата решија да ги намалат стипендиите и кредитите за студентите, а негативна новина е што и бруцошите оваа година не успеаа да добијат

стипендии. Понатаму, катастрофалната ситуација во однос на условите за живот во студентските домови, намалувањето на средствата од буџетот за научна истражувачка дејност и нормално автоматско нивно складирање во место на буџетот од каде потоа ќе се финансира овој малоречански универзиет. Да не заборавиме дека овие средства се одвојуваат од родителите на децата значи родителите ги финансираат сопствените деца заради усовршување на образованието на нивните ученици и студенти.

Согласно ставовите на универзитетскиот сенат во кој се вели, неопходно е Министерството за образование и наука да го зголеми буџетот за универзитетот Св. Кирил и Методиј, бидејќи тоа го налага како Болоњскиот процес кон кого Република Македонија официјално се приклучи, така и воведувањето на ЕКТС. Притоа, зголемувањето на Буџетот е неопходно потребно и со оглед на реалните потреби за изведување на наставата во која се применуваат хемиски, медицински, електронски и други средства неопходни за практично демпонстрирање и учење на наставните содржини. Доколку ова е заклучокот, ставот 2 од ставовите на Универзитетскиот Сенат кои ја одржале својата седница на 30 октомври 2003 година во кое се вели: доколку не дојде до зголемување на буџетот, тогаш универзитетот Св.Кирил и Методиј ќе биде приморан да го активира заклучокот 6, кој беше едногласно донесен на вонредната седница на Ректорската управа одржана на 30 јануари 2002 година во кое се наведува да се прекине наставата на Универзитетот. Тоа ќе биде несакан но изнуден чекор.

Понатаму, во ставот 4, во секој поглед нерационално е да се продолжи со дуплирањето, односно со паралелизмот на државните универзитети, бидејќи на тој начин се врши дисперзија и на онака ниските буџетски средства за високо образование. Ова е дотолку значајно ако се има во предвид фактот дека вкупните одвојувања на државата за високо образование во Република Македонија изнесува само 0,47% од бруто националнот доход. Тоа ќе доведе до целосно деградирање на постојното високо образование. Значи, сите надлежни институции укажуваат на фактот дека нив им фалат средства на постојните два универзитети им фалат средства за нормално одвивање на наставата. Од друга страна Владата на Република Македонија по секоја цена. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, госпоѓо Којзеклиска, 20 секунди порано ве замолив да ја привршите мислата.

Има збор г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас ја разбирам нервозата на колегите од позицијата, затоа што еден дел од нив е пред вековниот сон и остварување, а другиот е пред остварување на пред парламентарниот договор меѓу ДУИ и СДСМ и помошта за отворање на овој државен универзитет. Но, во секој случај мислам има уште малку, така што ќе го остварите ова што го замисливте. Тука упорно се форсира веќе, еве дење ноќе говориме за овој универзитет веќе 10-ти ден, но, пропуштивме да го завршиме законот за телекомуникации каде што Владата на Република Македонија изгуби 4 милиони евра, ќе можевме да отвориме уште еден државен универзитет во Штип со тие пари. Но, во секој случај тоа помина, а тие пари ги нема за оваа година. Јас би сакал да ги задржам бидејќи се работи во точката 4 за финансирање и буџет да го прашам г-динот министер за образование од каде се парите за купување на неговиот нов мебел во кабинетот. Од друга страна јавно се кажува дека плати за господата професори нема да има и тие можат да штрајкуваат колку сакаат.

Друго, во меѓувреме додека траеја овие расправи за универзитетот во Тетово, во Куманово е купен објект од Министерството за образование за некаде 750 илјади евра, тоа е зградата на ЗИК Куманово. Значи, тие 750 илјади евра Министерството ги имаше и ги потроши, се купи таа нова зграда и уште еднаш ќе овозможи една сегрегација во средното образование во Куманово и покрај тоа што упорно тука сме убедувани дека се што се прави е за интеграција во Република Македонија . Очигледно дека не е така.

И последното, тоа е воведување на таксата од 200 денари за секој студент при запишување на последниот семестар за унапредување и развој на факултетите во Република Македонија. Каде ќе завршат тие пари, повторно на посебна жиро сметка и посебен фонд. Мислам дека и за тоа треба министеот да образложи. Очигледно дека господата ова не го сфаќаат. И за точката 4 бидејќи говоревме многу, би сакал да кажам само неколку работи. За 4-те учебни години од она што ни го понуди министерот се планирани да се потрошат 482 милиони и 807 илјади денари. Тие се предвидени за повеќе активности и ќе обезбедат ако во 2004 година се пресметани за 125 извршители да се потрошат 28 милиони денари, за 2007 година бројката е 347 извршители, значи 220 луѓе повеќе отколку на почетокот во учебната 2004 година кои ќе потрошат 87 милиони, или за цели 60 милиони повеќе од оваа бројка што сега ни е понудена во програмата.

И сега да преминеме на она што бреше доставено како инфорамција, имавте можност да ја слушнете, во која што беше кажувано дека за унапредување на работењето на овој универзитет се предвидени нула денари, купување на канцелариски мебел, за разлика од кабинетот на министерот исто нула денари, купување клима уреди, купување на лабораториска научно истражна опрема нула денари, изградба, реновирање исто нула денари. И, јас сега едноставно незнам за што говориме, за каков универзитет и што ќе се случува тука. Тековно одржување не е предвидено ништо, репрезентација ништо, семинари и конференции ништо. Значи, еден нов универзитет со нашите говори овде направивме да биде промовиран. Значи, незнам што треба да се направи за да можеме да кажеме нешто дека ние, еве од наша страна изнесуваме факти, од друга страна, слушаме дека тоа наидува на одбивање. Мислам дека имаме говор на луѓе што не се разбираат за жал, и покрај тоа што говориме ист јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Ова е последен амандман  кој што пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ го предлага, а тоа е амандманот на членот 4 каде што предлагаме да се избрише овој амандман, да се избрише овој член.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сите оние што имаат меѓусебен разговор и некој договор можат да излезат а јас ќе ги викнам за време на гласање.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Овој член 4 предвидува средствата за финансирање на Универзитетот за овој предлог закон бидат обезбедени од Буџетот. Тие средства се кажани дека ќе бидат околу 2 милиони евра. Меѓутоа, сите знаеме дека ќе бидат многу повеќе. И затоа еден од заклучоците на ректоратот е да финансирањето на останатите универзитети не биде на штета и не биде намалено финансирањето нивно за сметка на овој универзитет. А, од друга страна Одборот за акредитација децидно кажува дека овие средства околу 2 милиони евра ќе бидат мали за финансирање на овој универзиет и предлага тие средства да бидат зголемени, за колку не се знае, очигледно можеби матичната комисија што ќе ја одреди Владата ќе каже колку средства ќе бидат вистински потребни за финансирање на овој Универзитет, затоа што од друга страна се кажува дека и студентскиот стандард е многу намален. Така што ќе бидат

потребни средства и за студентскиот стандард на овие студенти, меѓутоа, средства ќе бидат потребни дополнителни, значи плус овие 2 милиони евра и за обезбедување на квалитетна настава.Така што овие средства што се кажани дека се 2 милиони евра значително ќе бидат зголемени, за колку, ќе дознаеме сигурно наскоро откако ќе биде донесен овој Предлог закон. Јас и вчера го дадов предлогот и многу пратеници тоа го искажаа во своите дискусии, дека ако се водеше навистина сметка и интерес за студентите и студентите албанци и студентите македонци и сите други студенти што студираат во Република Македонија навистина ако беа обезбедени овие два милиони евра требаше за квалитетна настава да бидат дадени во универзитетот на Југоисточна Европа, исто така во Тетово Вандерштуловиот универзитет за да се постигне една поквалитетна настава во интерес на студентите. Меѓутоа, бидејќи вие ќе го одбиете овој амандман како што ги одбивте и сите пред малку, останува само да си го изгласате овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, 15 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани, 61 пратеник гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5 поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседател и овој амандман како и другиот нема смисла, бидејќи главниот амандман не се прифати, го повлекувам и овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлог на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10, на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија .

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Сакам да го соопштам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, во меѓувреме сите пратеници кои се надвор нека влезат во салата.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ

Значи ние како пратеничка група се обидовме во рамките на Деловникот, во рамките на она што ни го дозволува Уставот и сите закони во Република Македонија , се обидовме да укажеме на штетноста од донесување на ваков закон и тоа го правевме, сите сте сведоци, можеби повеќе од месец дена , од тоа произлегоа и маратонските седници, од тоа произлезе Владата да го повлече предлогот, да се достави уште еднаш за да се создаде можност да бидеме ограничени во рамките на 10 минути дискусии итн. Еве и тоа денеска завршува. Значи, се обидовме со амандмани да укажеме на штетноста во рамките на сите оние членови кои се предложени, тоа се вкупно пет и со тоа ВМРО-ДПМНЕ ги исцрпе сите деловнички права што ги има како пратеничка група.

На крајот сакаме да го кажеме и тоа дека ВМРО-ДПМНЕ, почитувани колеги, нема да учествува во процесот на гласање, ние ќе ја напуштиме седницата, значи нема да гласаме ниту за ниту против ниту воздржани затоа што не сакаме да ја носиме историската одговорност која во секој случај ќе ја носат исклучиво најмногу оние кои ќе гласаат за.

Каква ќе биде таа, ќе каже историјата, ќе каже народот.

Бидејќи не сакам нашиот глас, без разлика како ќе биде даден да биде дел на опсервација на историјата особено не на македонскиот народ, ние почитуван претседателе, почитувани колеги, во овој момент ќе ја напуштиме седницата во делот на гласање, а по останатите точки ќе се вратиме во салата.

Благодарам.

(пратениците од опозицијата ја напуштаат салата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Процедурално бара г. Даневски. И вие ќе ја напуштите салата?

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ќе ви соопштам г. претседателе, не брзајте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете три минути за да го кажете ставот на пратеничката група.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Во име на пратеничката група на Либералната партија цениме дека ваков законски проект кој во нормативниот дел е многу слаб и недоречен, кој не го затвора ова прашање кое сакаме да го затвориме, цениме дека не сме подготвени во овој момент да гласаме.

Ќе се видиме по шест месеци, ќе настанат проблеми токму во делот на финансирањето.

Нашиот став е дека не можеме да го подржиме овој законски проект и ќе ја напуштиме седницата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Ве молам седнете на место, ќе преминеме на гласање.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, 68 гласале за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија  да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака. (пратениците кои не се мнозинство креваат рака)

Кој е против? (никој)

Кој е воздржан? (никој)

Од присутни 26 сите гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за основање државен универзитет во Тетово.

Благодарам.

Пред да преминеме на втората точка од дневниот ред, бидејќи не е тука претставникот на Владата, за да го обезбедиме, давам пауза од половина час, и пауза од еден час.

Продолжуваме во 14,00 часот.

(пауза од 12,30 до 14,10 часот)

(Со седницата продолжи да раководи г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам претставникот на Владата да влезе во собраниската сала.

Почитувани колеги пратнеици, продолжуваме со точката 2, со оглед на тоа дека се работи за амандмани ќе има гласање, јас ги молам пратениците кои во моментот не се во салата, да влезат во собраниската сала, а ние ќе започнеме со оној дел каде што можеме.

Преминуваме на втората точка од дневниот ред - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија .

Предлогот на законот и дописот на Претседателот на Република Македонија со кој известува дека одлучил да не го потпише Указот за прогласување на законот ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски, Љупчо Балковски, Марија Којзеклиска  и Илија Србиновски поднесоа амандмани на член  2 став 1; член 3 став1 точка 2; член 3 за бришење на став 4; член 4 за менување на новиот член 7-а; член 4 во новиот член 7-в став 1; за менување на член 8 ; за додавање нов член 9-а по членот 9; за бришење на член 14; за додавање нов член 14-а по членот 14 и на член 16, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски, Љупчо Балковски, Марија Којзеклиска и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Простете министре се јавува г. Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека еден пропуст пред да се оди во донесувањето на амандманите треба да се отвори дебата во врска со дневната точка, бидејќи има заинтересирани дискутанти.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Џелили, бидејќи се работи за специфична ситуација , вратен е законот , изостана потпис на Претседателот на државата, меѓутоа, општиот претрес не се повторува, туку дискутираме по текстот. Ќе имате можност да се произнесете на друг начин.

Сега го молам претставникот на Владата да се произнесе по Амандманот кој беше спомнат.

ХАРИ КОСТОВ:

Благодарам.

Со оглед дека се работи за истиот амандман од претходната дискусија при донесување на законот, Владата овој амандман не го прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Ве молам, дали некој друг бара збор?

Господинот Џевдет Насуфи е пријавен.

Повелете.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Независно г-ѓо потпретседател, почитувани пратеници,

Со оглед на тоа дека темата на дискусија се ограничува, мислам дека начинот на враќањето на законот повторно во парламентарна постапка, заслужува неколку оценки.

Пред се, мислам дека македонскиот политички блок вклучувајќи ги тука ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам г. Насуфи ова е дискусија по амандманот.

Дали процедурално сакате збор, ова би можеле процедурално да го кажете, јас ве молам формата да ја запазиме.

Значи, процедурално се обраќате.

Повелете процедурално.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Мислам дека враќањето на законот на повторно разгледување, за жал, укажува за сиромаштијата на албанските партии преку институциите да навлезат во реализирањето на своите проекти. Зошто конкретно претседателот на државата го враќа законот на повторно разгледување за еден објектив, за една мотивација која, условно речено, може да биде и незначајна во споредба со тоа што во законот има големи дефекти.

Јас повторно ќе направам една сериозна забелешка и до Владата и до министерот кој не најде за сходно да го подобри посебно членот 3 во смисла, дали може да се сослушаме?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Насуфи продолжете , во ред е.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

И министерот кој ја следеше претходната расправа да не види за сходно да интервенира во членот 3 од Предлог законот и во членот 14 од Предлог законот кој се однесува на условите кои не кореспондираат со меѓународното право, а посебно со Европската конвенција за државјанство.

Конкретно треба Министерството и Владата да се произнесат претходно дека и Претседателот на државата направи голем пропуст од тој аспект, значи да не се врати со образложение кое постои во врска со Предлогот кој го содржи членот 3 и членот 14.

Што се однесува до членот 3, мислам дека условите се многу рестриктивни затоа треба тие услови да се подобрат посебно што се однесува до обезбедување на стан и сигурни услови за живот, втор услов да не биде казнет и да нема кривична постапка  против истиот..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Насуфи по амандманите, а кога ќе завршиме со амандманите, со дискусија по нив, ќе продолжиме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Тогаш ќе имате можност да се произнесете, мислам да не ги мешаме формите, сега беше процедурални и ви заврши.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Процедурално, меѓутоа, моите забелешки сакам да ги кажам сега. Уште три минути и ќе завршам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Насуфи под процедурално ви заврши, дали може после во дискусијата да се произнесете. Нема смисла првин кон колегите, сепак да ја почитуваме формата, сите ја почитуваат. Скоро четири минути поминаа господине Насуфи.

Во ред, господинот Насуфи ќе продолжи по амандманот, неограничена дискусија за амандманот, а потоа следен пријавен е г. Коце Трајановски.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Ви благодарам многу госпоѓо потпретседател за изразеното разбирање. Кога реков дека што се однесува до Одлуката на Претседателот да го врати повторно законот на разгледување, мислам дека Претседателот врши едно политичко влегување, кое, за жал, кореспондира со тоа што сме навикнале да го видиме на овие простори и поради не значајни работи го враќа законот на разгледување додека големите причини не ги увидува или поконкретно кажано се грижи за македонците кои на што полиберален начин да се стекнат со државјанство додека со поголем број албанци кои со децении имааат проблеми со стекнувањето на државјанството, тоа го игнорира.

Ова, во суштина, го оправдува нашиот став кој го имавме традиционално, посебно како политичка партија ДПА за да се инсталира функцијата на потпретседател на државата со цел да се заштитат интересите на албанците и на институционален начин, бидејќи дискриминацијата треба да прекине.

Зошто ние му даваме големо значење на државјанството? Вие знаете, бидејќи со самото државјанство се детерминираат многу права на граѓаните како од политичка област, се детерминираат правата од работниот однос, се детерминираат правата од социјалните односи, се детерминираат правата кои се однесуваат за развој и економски просперитет и затоа не случајно, поаѓајќи од тоа дека проблемот на државјанството посебно на балканските држави каде меѓу

етничката нетолерантност, посебно на просторите на бивша Југославија помеѓу албанците, србите и македонците беше многу изразена и Европската унија ја донесе Конвенцијата за државјанство со цел да се унифицираат условите за стекнување на државјанство со цел во овие држави да бидат рамноправни критериумите за стекнување на државјанство и да не се врши национална дискриминација во оваа насока затоа што сме сведоци на тоа дека со години се правени вакви дискриминации врз албанците.

Јас мислам дека за тоа, како беше регулирана оваа област, сите сме сведоци, но за жал, со тоа што Министерството и Владата ни предлагаат немаме големи измени. Зошто немаме големи измени. Повторно се навраќам на членот 3 и условите кои ги предвидува овој член. Вие знаете дека членот 3 за државјанството предвидува граѓанинот да поседува стан, сигурни извори за економска егзистенција, нешто што е невозможно во Македонија, бидејќи се соочуваме со процесот на отпуштањето на луѓето од работа, а не вработувањето и обезбедувањето на овие услови. Сите сме сите свесни а посебно Владата дека за оваа година има предвидено 4000 вработени да отпушти од администрацијата.

Друг услов е граѓанинот да не биде казнет. Ве молам, за кривични инкриминации само судот ги изречува мерките. И мислам дека е многу да се бара за државјанството да се исполни овој услов. Или неказнивоста. Друг услов е непостоењето кривичната постапка против граѓанинот, нешто што му се спротивставува и на уставното начело, прејудицира виновност на граѓанинот, нешто што е апсурд бидејќи и Уставот го познава тоа како апсолутно право дека граѓанинот е невин до донесување на судската одлука. Затоа законот е многу рестриктивен, што се однесува до стекнувањето на државјанството и не кореспондира со тоа што министерот го нагласува дека ова кореспондира со новите правила или со правилата на конвенцијата. За разлика од овој член го имаме членот 8 каде имаме екстремна либерализација,на условите, за што Претседателот на државата бара единствена либерализација, одвојувајќи ги граѓаните во македонци кои можат да стекнат државјанство и ако можеби немале некоја ефективна врска со земјава и тн.

Друга причина за која овој закон требаше да се обнови е правото на дискрецијата на органот во случај на одбивањето на државјанството и така натаму. За жал ова дискреционо право не се одложува. Јас им се обраќам во членот 3 и членот 9 повторно значи, и ќе видите ова дискреционо право е пренесено на пософистициран начин во еден јавен интерес, во кој предлагачот на законот министерот не ни рече кој утврдува што е јавен интерес. Кој орган ќе го направи тоа

нешто што кореспондира со тоа што беше во времето на комунизмот и до политичка неприлагодливост. Значи ова нема суштина.

Повторно, што се однесува до јазикот, за жал, министерот и Владата ни предложија еден сиромашен текст, албанскиот јазик со устав е службен јазик, со закон, а во Законот не се споменува. А се знае дека државјанството им припаѓа и на граѓаните кои и припаѓаат на албанската етничка заедница.

Почуствителниот дел од овој проект е сукцесијата како услов за стекнвување на државјанство. И Претседателот на државата поради оваа причина требаше да го врати законот во повторно разгледување. Поради една причина дека голем дел од албанците во Македонија од септември 1991 година, по поделбата на Македонија, по независноста на Македонија останаа без државјанство. Сите тие имале државјанство со Уставот од 1974 година, од бивша Југославија. Сите граѓани значи имале државјанство, било републичко, било федеративно. Овие граѓани по овој датум станаа апатриди во нивната земја. Предлог решение во законот нема. Ние, за жал, со ДУИ се договоривме тогаш, господинот Хисни Шаќири да предложи еден амандман со кој ќе се реши овој проблем. И ние двете албански политички партии се договоривме на состанокот во Парламентот, Гзим Острени го повлече тој амандман. Зошто тоа не го повлече тој што го предложи. Додека на место на тоа Владата ни доставува Предлог на овој закон со додавањето уште на еден услов од член 14 кој се однесува на сукцесијата, а тоа е условот за ефективна врска покрај другите три услови. И вака на овој начин проблемот остана отворен, бидејќи предложениот текст не ги исполнува условите со кои овие граѓани ќе го стекнат државјанството.

Европската конвенција за држвјанство нагласува, значи за сукцесијата, 4 главни услови и тоа: Ефективната врска, постојано живеалиште на граѓанинот, желбата и волјата на граѓаните да се стекнат со државјанство и четвртото е територијалното потекло, затоа што се однесува на сукцесијата. Пред сукцесијата се работеше за такво територијално потекло. Додека пак нашиот закон, предвидува следните услови. Граѓанинот треба да биде полнолетен, односно да има наполнето 18 години, да го познава македонскиот јазик, да нема против него покренато судска постапка, кривична постапка покренато и да не биде обвинет. Фактички овие 4 услови кои што ги предвидува предложениот закон не се во согласност со Европската конвенција. Значи тие се премногу штетни за граѓаните на Република Македонија кои врз оваа основа имаат право на државјанство.

Вие господине министер во една прилика рековте дека главната причина за донесување на измените е Законот да се усогласи со Европската конвенција,

меѓутоа за жал овие 4 услови не се воопшто усогласени. Што е полошо на 23 октомври Европската Унија во пишана форма ги даде сугестиите со кои треба да се измени членот 14, затоа што граѓаните до 18 години неможат да бедифицираат од овој член.

Друго, европското законодавство не го познава терминот пријавување на живеалиште. Постојаното живеалиште и пријавување на живеалиште има многу големи разлики. Ова се прави со цел, еден дел од граѓаните кои, од незнаеле не го пријавиле живеалиштето врз основа на сукцесијата, неможеле да се стекнат со државјанство. Затоа треба да се отстрани критериумот на кривичната постапка, затоа што тоа прејудицира вина. Треба да се отстрани исто така критериумот пријавување на живеалиште, затоа што тоа исто така не е во согласност со европската конвенција. Во тој случај само ќе можеме да кажеме дека навистина Законот ги исполнува или се изменува со цел да биде усогласен со европското право, законодавството на Европската Унија и согласно Европската конвенција. Инаку ќе бидеме обврзани да ја информираме Европската Унија за овие недостатоци кои на одреден начин на оптички начин има намера да се стави како закачка на Европската конвенција.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг се јавува за збор по амандманот?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Пред да преминеме на гласање ги молам пратениците да влезат во салата.

Молам, службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Уште еднаш ги замолувам колегите што не се во салата да влезат да можеме да гласаме.

За информација на некои колеги кои што не знаат закажана е Комисија за евроинтеграција од 14,00 часот, бидејќи тоа е вообичаено време за пауза и тоа е причина што дел од колегите не се присутни.

Доколку тоа е квантумот на присутни пратеници јас би дала 15 минути пауза па ќе се обидеме да се собереме.

( По паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 15,55 часот).